Врз основа на член 19 алинеа 5) а во врска со член 22 став 1 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ број 39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/2015), член 15 став 1 алинеа з), а во врска со член 17 од Статутот на Агенцијата за електронски комуикации, Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуикации на состанокот одржан на 27.01.2016 година, донесе

# ОДЛУКА

## за именување на директор на Агенцијата за електронски комуникации

I

САШО ДИМИТРИЈОСКИ се именува за директор на Агенцијата за електронски комуникации.

II

Одлуката влегува во сила на 01.02.2016 година и истата ќе се објави на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации.

III

Одлуката е конечна.

## Образложение

Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, на состанокот одржан на ден 02.12.2015 година, донесе Одлука за објавување на јавен оглас за именување на директор на Агенцијата за електронски комуникации под број 1102-26/3. Јавниот оглас беше објавен на ден 03.12.2015 година во дневните весници „Дневник", „Коха" и „Вечер".

На состанокот одржан на ден 08.01.2016 година , Комисијата ги отвори и ги разгледа пријавите со пропратната документација што во рокот определен во Јавниот оглас беа доставени во архивата на Агенцијата за електронски комуникации. Комисијата констатира дека се доставени девет навремени пријави , сите со уредна пропратна документација согласно условите утврдени во јавниот оглас.

Во согласност со постапката за именување на директор на Агенцијата за електронски комуникации утврдена во член 17 од Статутот на Агенцијата за електронски комуникации и во јавниот оглас, Комисијата на состанокот одржан на ден 14.01.2016 година изврши интервју со кандидатите кои имаа доставена уредна пропратна документација, односно кои ги исполнуваа условите утврдени во Јавниот оглас.

По извршеното интервју, а врз основа на член 19 алинеа 5) а во врска со член 22 став 1 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ број 39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/2015), член 15 став 1 алинеа з), а во врска со член 17 од Статутот на Агенцијата за електронски комуикации, Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации едногласно донесе одлука со која за директор на Агенцијата за електронски комуникации го именува Сашо Димитријоски од Кичево.

Правна поука : Против оваа одлука може да се поднесе тужба до Основниот суд Скопје II Скопје, во рок од 30 дена од денот на приемот на истата.

Наш број 1102-5/3
Скопје, 27.01.2016

Агенција за електронски комуникации
Комисија
Гордана Клинчарова, претседател

www.aek.mk
Кеј Димитар Влахов број 21
1000 Скопје
Република Македонија
тел. 02 32 89 200
факс 02 32 24 611
е-пошта contact@aec.mk